ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-387/4**
**26.05.2025 год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25) ја издава следната

**П О Т В Р Д А**
**за заверка на одобрена планска програма**

Се одобрува Планска програма за изработка на Измена и дополна на Блок 19 од урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија со тех.бр. 0801-11-05/25 од 05.2025год.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштво за производство, трговија и услуги ,,ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ,, доо Битола во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.71539) поднесе барање за одобрување на Планска програма заведено под арх.бр.11-387/1 од 19.05.2025год., за изработка на Измена и дополна на Блок 19 од урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Планска програма со технички број тех.бр. 0801-11-05/25 од 05.2025год. изработена од Друштво за производство, трговија и услуги ,,ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ,, доо Битола.

2. Графички приказ на Планска програма со граница на плански опфат.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 08-1793/1 од 13.11.2023година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Планската програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-387/3 од 20.05.2025година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25). Врз основа на тоа, се одобрува планската програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник на
општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2025.05.26 15:46:16 +02'00'

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk